# * СЛУЖБЕН ГЛАСНИК *
## на општина Дебрца

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН **ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | **БЕЛЧИШТА**<br>**06.07.2023 година.**<br><br>**Број 06. Год. 2023** | **ЕДБ:4020004141925**<br>**КОНТАКТ:**<br>**E-mail :belcista@t-home.mk,**<br>**contact@debrca.gov.mk**<br>**Телефон :046/286-855** |


Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското училиште „Дебрца“ с.Белчишта**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање позитивно мислење на Статуттот на Општинското училиште „Дебрца“ с.Белчишта, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/1**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ број 161/2019) и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002) Советот на Општина Дебрца,на седницата одржана на ден 29.06.2023 година донесе :

## ОДЛУКА
## за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Дебрца“ с.Белчишта

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Дебрца дава позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Дебрца“ с.Белчишта.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-812/3**
**29.06.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Одлуката за издавање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во основното училиште „Дебрца“ – Белчишта за учебната 2023/2024 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за издавање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во основното училиште „Дебрца“ – Белчишта за учебната 2023/2024 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/2**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 53 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ", број 161/2019 и 229/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", број 5/2002), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, донесе :

**О Д Л У К А**

**За издавање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во основното училиште „Дебрца" – Белчишта за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за формирање паралелки со ученици од исто одделение со помалку од 20 ученици во Основното училиште „Дебрца" – Белчишта за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Паралелките за кои се дава согласност од членот 1 на оваа одлука се дадени во Преглед број 2 кој е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца", а ќе се применува од 01.09.2023 година.

**Број 08-812/4**
**29.06.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за давање согласност за формирање комбинирани паралелки од I до V одделение под 10 ученици во основното училиште „Дебрца“ – Белчишта за учебната 2023/2024 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност за формирање комбинирани паралелки од I до V одделение под 10 ученици во основното училиште „Дебрца“ – Белчишта за учебната 2023/2024 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/3**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 53 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ", број 161/2019 и 229/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", број 5/2002), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за формирање комбинирани паралелки од I до V одделение под 10 ученици во основното училиште „Дебрца" – Белчишта за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за формирање комбинирани паралелки од I до V одделение под 10 ученици во основното училиште „Дебрца" – Белчишта за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Паралелките за кои се дава согласност од членот 1 на оваа одлука се дадени во Преглед број 1, кој е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца", а ќе се применува од 01.09.2023 година.

**Број 08-812/5**
**29.06.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците за потрошена електрична енергија на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ - Белчишта**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците за потрошена електрична енергија на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ - Белчишта, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/4**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", број 5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца", број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, донесе :

## О Д Л У К А
## За субвенционирање на дел од трошоците за потрошена електрична енергија на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца" -Белчишта

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Дебрца одобрува субвенционирање на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца" -Белчишта ( во понатамошниот текст: јавното претпријатие ), за покривање на дел од трошоците за потрошена електрична енергија за пумпните станици за водоснабдување на населените места од општина Дебрца.

**Член 2**

Вкупниот износ на субвенцијата за 2023 година изнесува 720.000 денари и ќе се исплати на шест еднакви месечни рати, почнувајќи од месец Јули 2023 година.

Плаќањето на субвенцијата ќе се врши најдоцна до 15 ти во тековниот месец, а врз основа на доставен месечен финансиски извештај од јавното претпријатие за платени сметки за електрична енергија за претходниот месец.

За секоја поединечна исплата на субвенцијата градоначалникот донесува посебно решение.

**Член 3**

Во случај ако се утврди ненаменско трошење на средствата од субвенцијата градоначалникот е должен да ја запре исплатата на субвенцијата и да го извести советот на општината.

**Член 4**

Средствата за субвенционирање ќе бидат обезбедени во Буџетот на општина Дебрца за 2023 година, потставка 461130 - субвенции за јавни комунални претпријатија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Дебрца".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-812/6**
**29.06.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Годишната програма за изменување на годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за изменување на годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/5**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број5/2002 ) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изменување на годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година**

**I.**

Во Годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година („Службен гласник на општината Дебрца“, број 11/2022, 4/2023 и 5/2023), во делот II., "ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ/ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИИ," во точката 5- доизградба на канализационен систем во село Волино", износот: "1.200.000" се заменува со износот: "2.500.000".

**II.**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник" на општината Дебрца.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-812/7**
**29.06.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Годишната програма за изменување на Годишната програма за развој на образованието во општина Дебрца за 2023 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за изменување на Годишната програма за развој на образованието во општина Дебрца за 2023 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/6**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, донесе :

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изменување на Годишната програма за развој на образованието во општина Дебрца за 2023 година**

**I.**Во Годишната програма за развој на образованието во општина Дебрца за 2023 година („Службен гласник на општината Дебрца“, број 11/2022, 5/23 ), во Дел II “Мотивирани ученици”, во точка 8 - еднократна финансиска поддршка за учениците од завршната година на основното образование / полуматурантите износот: “ 85.000” се заменува со износот: “90.000”.

**II.**Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-812/8**
**29.06.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алескоскис.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за давање донација на Црковниот одбор од с.Сошани

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање донација на Црковниот одбор од с.Сошани, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/7**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), Советот на општина Дебрца, на седницата, одржана на 29.06.2023 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за давање донација на Црковниот одбор од с.Сошани**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца дава согласност да се даде донација на Црковен одбор при црква св. Ѓорѓија и црква св. Никола с.Сошани општина Дебрца , по барање , број 03-771/1, од 14.06.2023 година.

**Член 2**

Донацијата од член 1 на оваа одлука се состои од движна ствар и тоа : тример за косење трева, во вредност до 20.000 денари.

**Член 3**

Корисникот на донацијата е должен донацијата да ја користи наменски, во спротивно донаторот го задржува правото да бара поврат на донацијата.

**Член 4**

За извршување на оваа одлука, се овластува градоначалникот на општина Дебрца да склучи договор за донација со Црковниот одбор од с.Сошани.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дебрца".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-812/9**
**29.06.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Дебрца за 2023 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Дебрца за 2023 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/8**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 05/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/05. 04/08, 103/08. 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и Службен весник на РСМ бр.151/21 и 203/22) и член 7 од одлуката за извршување на Буџетот на општина Дебрца, Советот на општина Дебрца на 21-та седница одржана на 29.06.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ОпШтина Дебрца**

За **2023** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаОпШтина Дебрца за 2023 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 308,030 | 0 |
| | **0** | **0** | **308,030** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425750 Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 308,030 | 0 |
| | **0** | **0** | **308,030** | **0** |

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ке биде објавена во Службен гласник на општина Дебрца и станува дел од Буџетот за 2023 година.

Бр. 08-812/10

29.06.2023

Претседател на Советот на Општината

**Илчо Алексоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за прогласување на природна непогода на дел од територијата на општина Дебрца

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прогласување на природна непогода на дел од територијата на општина Дебрца, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/9**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за прогласување на природна непогода на дел од територијата на општина Дебрца**

**Член 1**

Со оваа одлука се прогласува природна непогода на дел од територијата на општина Дебрца ( КО-Волино, КО-Требеништа, КО-Горенци и КО-Оровник ), предизвикана од врнежи од град , на ден 24 Јуни 2023 година.

**Член 2**

Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи во општина Дебрца да изврши процена и утврдување на штетата од природната непогода, согласно одредбите од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018 и 215/2021) и Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РМ" број 181/2021 ).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Дебрца".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-812/12**
**29.06.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за доделување еднократна парична помош**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за доделување еднократна парична помош, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/10**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самопуправа („Службен весник на РМ", број 5/2002) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца", број 3/2005), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, донесе :

## ОДЛУКА
### за доделување еднократна парична помош

**1.** Со оваа Одлука на **Емилија Николовска**, се доделува еднократна парична помош во износ од **10.000** денари, како помош за учество на 53-та меѓународна олимпијада по физика во Токио, Јапонија.

**2.** Средствата од точка 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца за 2023 година.

**3.** Се задолжува Градоначалникот за извршување на оваа Одлука.

**4.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Дебрца".

**Број 08-812/13**
**29.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на намената на бесправно изграден објект со наената на земјиштето, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

**Број 09-877/11**
**06.07.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 став 5 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.Весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016, 190/2017 и 174/2021) како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.Весник на РМ" бр.56/11, 162/12), и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Сл.Гласник на општина Дебрца" бр.3/2005), Советот на општина Дебрца на седницата одржана на ден 29.06.2023 година, ја донесе следната :

## ОДЛУКА

**за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето**

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко – планска документација за село Белчишта со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект, на КП број 1220/1 и 1221 КО Белчишта, по барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, број УП1-09-1759 од 03.09.2011 година, поднесено од Министерство за здравство со седиште во ул. 50-та Дивизија бб - Скопје, и усогласување на намената на земјиштето на кое е изграден бесправно изградениот објект, со намената на земјиштето што ќе се утврди со урбанистичко – планската документација.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца".

**Број 08-812/14**
**29.06.2023 година.**
**с.Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А :

1. Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на општинските основно училиште „Дебрца“ с.Белчишта ------------------------------------------------------------------------------------ стр.2
2. Одлука за издавање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во основното училиште „Дебрца“ – Белчишта за учебната 2023/2024 година --------------стр.4
3. Одлука за давање согласност за формирање комбинирани паралелки од I до V одделение под 10 ученици во основното училиште „Дебрца“ – Белчишта за учебната 2023/2024 година ----------------------------------------------------------------------------------------------стр.6
4. Одлука за субвенционирање на дел од трошоците за потрошена електрична енергија на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ - Белчишта --------------------------стр.8
5. Годишна програма за изменување на годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година -------------стр.10
6. Годишна програма за изменување на Годишната програма за развој на образованието во општина Дебрца за 2023 година -----------------------------------------------------------------стр.12
7. Одлука за давање донација на Црковен одбор од с.Сошани ---------------------------------стр.14
8. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Дебрца за 2023 година ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------стр.16
9. Одлука за прогласување на природна непогода на дел од територијата на општина Дебрца ------------------------------------------------------------------------------------------------------стр.18
10. Одлука за доделување еднократна парична помош-------------------------------------------стр.20
11. Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување и усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето-----------------------------------------------------------------------стр.22
12. Содржина---------------------------------------------------------------------------------------------------стр.23

==================================